Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 311/2021
Дата......15 -03- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Кочани, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Измена и дополна на Урбанистички план за вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани**. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 20,38 ha.

Површината за која што се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 1,4 ha и ги зафаќа следните катастерски парцели: дел од КП 16713, дел од КП 16716, дел од КП 16717/23, дел од КП 16717/24, дел од КП 16719/1 дел од КП 16720, дел од КП 16721, дел од КП 16772 и дел од КП 8001.

За останатиот дел од планскиот опфат се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за вон населено место за откуп и примарна обработка на земјоделски производи, м.в. "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани со техн.бр. Y01910 и врз основа на истите издадено е Решение за Услови за планирање на просторот бр. 15-765/4 од 24.02.2010 год.

Во непосредна близина на планскиот опфат се издадени услови за планирање на просторот:

- Услови за планирање на просторот за изработка измена и дополна на Генерален урбанистички план за град Кочани со тех бр. Y11913


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс за производство, дистрибутивно-откупен центар за откуп и финална обработка на земјоделски производи на КП 7193, м.в. Виничка вада, КО Кочани, Општина Кочани со тех. бр Y16011.

**Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Р Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y02421** се составен дел на Решението.

3. Измената и дополната на Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Урбанистички план вон населено место - за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в "Керамидница", КО Кочани, Општина Кочани** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk